ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизами
заштита на животната средина
бул. „Јане Сандански“ бр. 109 Б
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18 - 14/9
07 OCT 2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20), а во врска со доставен предлог за одобрување Планска програма за Детален урбанистички план за градска четврт И16 блок И16.11, Општина Аеродром, од страна на комисијата за урбанизам, в. д. градоначалникот на Општина Аеродром на ден 03.10.2024 год. донесе:

# РЕШЕНИЕ

**За одобрување Планска програма за Детален урбанистички план за градска четврт И16 блок И16.11 Општина Аеродром, Скопје**

1. Се одобрува Планска програма за Детален урбанистички план за градска четврт И16 блок И16.11, Општина Аеродром, Скопје
2. Составен дел од оваа Решение е Планската програма за Детален урбанистички план за градска четврт И16 блок И16.11, Општина Аеродром, Скопје, со технички бр.0801-566/22 од октомври 2024 година, изработена од Друштвото за трговија и услуги „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Преку електронскиот систем е-урбанизам е поднесено барање за одобрување **Предлог-планска програма за Детален урбанистички план за градска четврт** И16 блок И16.11**, Општина Аеродром,** изработена од Друштвото за трговија и услуги „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје, бр. на постапка 58159 од 02.01.2024 год. По спроведување на постапката, согласно со член 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20) и врз основа на Предлогот за одобрување од страна на комисијата за урбанизам со Решението за измена на Решението за формирање комисија за урбанизам на Општина Аеродром бр. 04-1236/3 од 15.06.2023, донесено е Решение за одобрување Планска програма за Детален урбанистички план за градска четврт И16 блок И16.11, Општина Аеродром, Скопје.

В. Д. ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Дејан Митески

Република Северна Македонија-Општина Аеродром • Скопје •